**ИНФОРМАТИКА**

(06 – 10.04.2020)

Повеќето ученици успешно креиравте своја електронска адреса, а од неа (или дел од вас од адресите што веќе сте ги имале, што е сосемо во ред) ми пративте електронска порака. Оние ученици кои сеуште не креирале своја електронска адреса или не го пратиле домашното од претходниот час, навратете се на упатствата од минатите недели и завршете ги вашите задачи. Сите заедно продолжуваме понатаму.

## Правила за заштита и добро однесување во комуникацијата преку Интернет

Во електронската комуникација лицата кои комуницираат обично не се гледаат, туку разменуваат пишани пораки. Некои луѓе сметаат дека тогаш можат да се однесуваат непристојно, но треба да се знае дека секоја комуникација има свои правила кои треба да се почитуваат. Од друга страна, секогаш треба да сме свесни дека разговараме со особи кои исто така имаат свои чувства, размислувања, слични или различни од нашите, па треба да внимаваме на нашето однесување.

Корисниците на Интернет треба да знаат дека:

1. Не се секогаш точни и сигурни сите веб сајтови и содржини поставени на Интернет;
2. Не се секогаш добронамерни сите луѓе кои комуницираат на Интернет.

Ако си корисник на Интернет придржувај се до следните совети:

- Никогаш на ги откривај на други лозинките кои ги користиш на Интернет, некој може да ги злоупотреби;
- Не внесувај свои податоци на непознати и несигурни веб сајтови;
- Не одговарај на непознати email пораки, може да се вируси;
- Не го внесувај на Интернет бројот на кредитната картичка на своите родители, без присуство на родител;
- Остани непознат за непознати соговорници, можеби лажно се претставуваат;
- Не давај свои лични податоци или податоци за семејството на непознати соговорници;
- Не оди на средба со непознати лица, запознаени на Интернет.

При електронска комуникација, обиди се да ги следиш следните правила:

- Секогаш претстави се;
- Биди љубезен;
- Почитувај туѓи мислења;
- Почитувај туѓа приватност;
- Не пишувај само со големи букви, тоа значи дека викаш;
- Кога одговараш на прашање, реченицата започни ја со име на лицето на кое му одговараш, особено ако во разговорот учествуваат повеќе лица;
- Не користи навредливи зборови, сарказам;
- Треба да знаеш дека она што ќе го напишеш, останува трајно забележано и дека тоа можат да го прочитат и лица за кои не е наменета пораката;
- На крајот од разговорот, уредно одјави се.

Општите правила за добро однесување во комуникацијата на Интернет се нарекува Нет етика или Нетика (Netiquette).

Посети ја страницата www.crisp.org.mk, изберете Деца и тинејџер (со клик), а потоа на Корисни информации за безбедно користење на Интернетот и Добро однесување на Интернет. (ако сакаш можеш и другите). Разгледај ги содржините на овие две страни, а потоа раскажи ги во Word документ, кој ќе ми го испратиш по порака, најкасно до 11.04.2020 година на адресата **mikomh@gmail.com**. Упатство за праќање на документ во порака можете да најдете во документот за креирање на електронска адреса, последните неколку упатства.

ВИ ПОСАКУВАМ УСПЕШНА РАБОТА!!!